Policy Brief

Септември 2014

# Криминализиравме, и сега што?

## Одговор на Западниот Балкан на заканата од странските борци

Андреја Богдановски
Security Research Fellow

analytica
thinking laboratory...

analyticamk.org

Design by Muhsin Güler

Policy
Brief

Септември
2014

# Криминализиравме, и сега што?
# Одговор на Западниот Балкан на заканата од странските борци

## Извршно резиме

Граѓанската војна во Сирија повлече доста внимание од различни причини, почнувајќи од катастрофалната хуманитарна состојба во која се наоѓа тамошното население, критиките заради непреземањето решителни акции од страна на водечките сили, па се до употребата на забрането хемиско оружје. Во последно време се повеќе знаци на загриженост доаѓаат како резултат на големиот број на странски борци кои се борат на сириските жаришта. Балканот како и ЕУ не се исклучок од овие процеси и се верува дека неколку стотици борци во Сирија се дојдени токму од Балканот, војувајќи воглавно на страната на бунтовниците.

Разбирливо, главното прашање кое се поставува е кои се ризиците поврзани со странските борци кога ќе се вратат назад во матичните држави? Оваа анализа се фокусира на моменталната ситуација со странските борци како и мерките коишто се преземаат од страна на раководствата во Западен Балкан со фокус на Македонија. Текстот исто така дава осврт и црпи примери од искуствата на Германија, Обединетото Кралство и Белгија. Анализата препорачува можни решенија преку зголемени активности во делот на програми за превенција и рехабилитација придружено со вклучување на граѓанското општество и локалните заедници. Овој документ завршува со сет на препораки наменети за македонските власти.

## Вовед

Извесно време учеството на граѓани од Западен Балкан во граѓанската војна во Сирија беше чувано како тајна се додека не почнаа да протекуваат информациите за жртви од регионот. За да се разгледа големината на проблемот дел од борците кои се бореа на боиштата во Сирија денес се борат во уште поопасни средини како на пример ИСИС во Ирак. Пред извесно време една видео снимка покажа како еден од овие борци држи македонски пасош.[1] Ова сигнализира дека регрутацијата и учеството во туѓи војни нема самото по себе да исчезне со евентуалното разрешување на војната во Сирија.

Најголемиот број доброволци од регионот учествуваат во борбените редови на Ал Нусра, сириска радикална група која се бори за воспоставување на исламска држава во Сирија преку уништување на моменталниот систем на уредување. Оваа група претставува една од најефикасните терористичка организација, која како таква е назначена од страна на САД и ставена на црната листа на ООН. [2]

Иако не постојат официјални бројки што е самото по себе многу тешко да се создаде како информација, од она што е јавно достапно се говори за бројка од неколку стотици борци кои доаѓаат во главно од Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија и кои се борат против режимот на Асад.[3] Во моментов има околу 11000 странски борци кои се борат во Сирија од дури 74 земји.[4] Голем дел од овие доаѓаат од Западна Европа (Обединетото Кралство 500, Франција 700). [5]

Мора да се напомене дека не сите кои се враќаат дома од боиштата на Блискиот Исток ќе бидат вклучени во терористички напади во сопствената земја. Сепак, ризикот иако мал сепак постои. На ниво на ЕУ помеѓу 2001 и 2009 од оние кои биле осудени за религиозно инспириран тероризам 12% имале искуство со надворешни конфликти.[6] Томас Хегхамер,

---

[1] "Muslims Reject Man-made Borders. There Are No Borders between Muslims [Муслиманите одбиваат граници направени од луѓето. Не постојат граници помеѓу муслиманите]." Јутјуб. јуни 12, 2014. https://www.youtube.com/watch?v=PBKe0_g6tRo. (0:44 sec.)

[2] "UN Blacklists Syria's Al-Nusra Front. [Ал-Нусра на црната листа од страна на ООН]" Алџезеира. мај 31, 2013. Пристапено јули 7, 2014. http://www.aljazeera.com/news/americas/2013/05/201353021594299298.html.

[3] Холман, Тимоти. "Foreign Fighters from the Western Balkans in Syria [Странски борци од Западен Балкан во Сирија]." Центар за борба против тероризмот во Вестпоинт. јуни 30, 2014. Пристапено јули 3, 2014. https://www.ctc.usma.edu/posts/foreign-fighters-from-the-western-balkans-in-syria.

[4] "ICSR Insight: Up to 11,000 Foreign Fighters in Syria; Steep Rise among Western Europeans. [ИЦСР увид: околу 11,000 странски борци во Сирија; Голем пораст помеѓу оние од Западна Европа]" ИЦСР. декември 17, 2013. Пристапено July 3, 2014. http://icsr.info/2013/12/icsr-insight-11000-foreign-fighters-syria-steep-rise-among-western-europeans/.

[5] Вининг, Николас. "U.K.'s Cameron Outlines New Anti terror Measures [Премиерот на Велика Британија Камерон презентира нови анти терористички мерки]." Волстрит џурнал. Септември 1, 2014. Пристапено септември 1, 2014

[6] Баке, Едвин, Кристоф Паулусен, и Ева Ентенман. "Dealing with European Foreign Fighters in Syria: Governance Challenges & Legal Implications. [Справувањето со европските странски борци во Сирија: Предизвици и правни импликации.]" ИЦЦТ истражувачки труд, 2013, 4.

еден од водечките норвешки истражувачи за насилен екстремизам има дојдено до заклучок дека во просек 1 од 9 странски борци се враќаат дома.[7]

Тие што се борат во Сирија може да се сметаат како безбедносен ризик од неколку причини:

- По нивното враќање многу е веројатно дека имаат преживеано психолошка траума поврзана со воените активности што укажува на потребата за програми за рехабилитација и реинтеграција.
- Повратниците можат да дејствуваат како медиум за регрутација на други кои се заинтересирани да се вклучат во војната.
- Имаат добиено напредни боречки и терористички вештини.
- Мал процент од оние кои се имаат вратено назад имаат примено различни екстремистички идеологии.
- Може да дејствуваат самостојно, без потреба од тоа да бидат вклучени во поголеми терористички мрежи и ќелии. [8]

## Предизвици

Сите земји од регионот се вклучени во справување со предизвиците кои доаѓаат со странските борци, а особоено оние од Сирија. Сите го имаат одбрано моделот на криминализација како на регрутирањето така и учеството во туѓи воени конфликти. Иако се однесува на исто прашање, правната рамка кога станува збор за казнување и должина на затворските казни варира од земја до земја. На пример македонскиот кривичен законик пропишува најмалку 4 и 5 години затворска казна додека оној на Босна и Херцеговина варира помеѓу 1 и 10 години. Во случајот со Албанија, оние доброволци кои учествуваат во вакви воени конфликти се соочуваат со казна затвор во времетраење до 10 години. Во Косово казната затвор е повисока, односно до 15 години.

На регионално ниво многу малку внимание се посветува на превентивни мерки како од државните институции така и од граѓанскиот сектор кој не нуди програми за реинтеграција и рехабилитација на поранешните борци. Интересна анализа може да се направи според степенот на посветеност по прашањето за справување со повратниците и

[7] "Hegghammer Explains Variation in Western Jihadists. [Хегхамер објаснува варијации кај западните џихадисти]" Национален конзорциум за проучување на тероризам и одговор на терирозмот. март 28, 2013. Пристапено јули 25, 2014. http://www.start.umd.edu/news/hegghammer-explains-variation-western-jihadists.

[8] Мрежа за подигнување на свеста за радикализација. "“The RAN Declaration of Good Practices for Engagement with Foreign Fighters for Prevention, Outreach, Rehabilitation and Reintegration [Декларација на РАН за добрите практики околу вклучување на странските борци во превенција, информирање, рехабилитација и реинтеграција].” Октомври 2011. Пристапено јули 25 2014. Достапно на: http://www.icct.nl/download/file/RAN-Declaration-Good-Practices-for-Engagement-with-Foreign-Fighters.pdf 1

оние кои регрутираат на регионално ниво. Албанија и Косово може слободно да се посочат како шампиони каде нивните полиции, јавните обвинителства како и разузнавачките служби иницираа бројни акции против групи кои беа посочени дека регрутират албанци и косовари за борби во Сирија. [9]

| Земја | Криминализација за регрутација | Криминализација за учество | Апсења | Мерки за рехабилитација |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | Да | Да | Не | Не |
| Албанија | Да | Да | Да | Не |
| Косово | Не најавено за есен | Не најавено за есен | Да | Не |
| БиХ | Да | Да | Да | Не |
| Србија | Не Најавено за есен | Не Најавено за есен | Да | Не |

Сепак, постојат неколку прашања поврзани со целосно ставање на фокусот кон промена на легислативата и криминализацијата. Дел од предизвиците може да се идентификуваат во специјализираноста на судовите од регионот за судење за дела извршени во Сирија. Друго прашање се поставува околу собирањето на докази и нивната употреба во судските процеси. Со какви докази на пример ќе работи обвинителството? Дали воопшто ќе се прави разлика помеѓу оние доброволци кои се бореле за Ал Нусра или пак Слободната Сириска Армија (која беше директно поддржана од Западот)?

## Искуства од Западна Европа

**Обединетото Кралство** е активно вклучено во анализа на можните ризици спрема нивната национална безбедност. Британскиот парламент има усвоено низа мерки со кои на британските државјани кои се со двојно државјанство им се одзема британското доколку се вклучени дали преку регрутација или пак учество во војната во Сирија. Истотака британската влада даде зелено светло за одземање на британското државјанство на оние кои го добиле истото со натурализација.[10] Досега британските власти им ги имаат одземено државјанствата на 20 британци. Во првите три месеци од оваа година 40тина

[9] "Albania Arrests Seven Alleged Recruiters for Syria Volunteers. [Албанија уапси седум наводни регрутери на доброволци за Сирија]" Нахарнет. Март 11, 2014. Пристапено јули 4, 2014. http://www.naharnet.com/stories/en/122132. и "Kosovo Police Arrest 40 Suspected ISIS Fighters. [Полицијата во Косово уапси 40 осомничени борци за ИСИС" СБН вести. Август 11, 2014. Пристапено август 12, 2013. http://www.cbn.com/cbnnews/world/2014/August/Kosovo-Police-Arrest-40-Suspected-ISIS-Fighters/.

[10] Спароу, Ендрју. "British Jihadists 'should Be Stripped of Citizenship', Says David Davis. [На британските џихадисти "треба да им се одземе државјанството", вели Дејвид Дејвис]" Гардијан. Август 24, 2014. Пристапено август 26, 2014. http://www.theguardian.com/world/2014/aug/24/david-davis-isis-british-jihadists-traitors.

луѓе се уапсени под сомнение дека се поврзани со активности во Сирија, додека пак за цела 2013 година оваа бројка изнесувала 25. [11]

**Германија** нема посебни законодавни решенија кои криминализираат патување на доброволците за борбени дејства во Сирија. Германскиот кривичен законик меѓутоа забранува "…дела кои се однесуваат на создавање, учество и поддршка на терористичка организација" што исто така може да се искористи во некои случаи. Сепак до сега немало апсења на германски државјани за учество во војната во Сирија.[12] Последниот обид во насока на сузбивање на овој феномен беше забраната на пропагандни активности поврзани со регрутација за ИСИС која вклучува користење на симболи, знамиња и други материјали поврзани со оваа радикална група која дејствува во Ирак и Сирија.[13] Германија на располагање има и други алатки за справување со овој проблем. Нивната контраразузнавачка агенција - Федералната канцеларија за заштита на Уставот (БФВ) во соработка со полицијата веднаш штом добие дојава за можно планирање на германци во Сирија за учество во тамошната војна им пристапува директно и ги предупредува на можните последици со приклучување кон групите. [14]Исто така германското законодавство овозможува задржување на патните документи или пак забрана за напуштање на земјата доколку тоа лице е закана за внатрешната или надворешна безбедност или пак други интереси на Германија. Според годишниот извештај на БфВ за 2012 год. 7 германски државјани имаат добиено ваква забрана. [15]

Во Белгија постоеше широка дебата дали треба да постои легално санкционирање на оние белгијци кои учествуваат во војната во Сирија но против аргументите натежнаа како на пример:

[11] Де Фрејтас – Тамура, Кимико. "Foreign Jihadis Fighting in Syria Pose Risk in West. [Странските џихадисти кои се борат во Сирија претставуваат ризик за Западот" Њујорк тајмс. мај 29, 2014. Пристапено јули 6, 2014. http://www.nytimes.com/2014/05/30/world/middleeast/foreign-jihadis-fighting-in-syria-pose-risk-in-west.html?_r=0.

[12] Видино, Лоренцо. Снетков, Аглаја и Пиџони Ливио "Странски борци: преглед на активностите во единаесет земји." Центар за безбедносни студии. Март 2014. Пристапено јули 3, 2014 http://www.css.ethz.ch/publications/pdfs/Foreign_Fighters_2014.pdf 11

[13] Еди, Мелиса. "Германија забранува поддршка за ИСИС" Њујорк Тајмс. Септември 12, 2014. Пристапено септември 12, 2014 http://www.nytimes.com/2014/09/13/world/europe/germany-bans-support-of-isis.html

[14] Баке, Едвин, Кристоф Паулусен, и Ева Ентенман. "Dealing with European Foreign Fighters in Syria: Governance Challenges & Legal Implications. [Справувањето со европските странски борци во Сирија: Предизвици и правни импликации.]" ИЦЦТ истражувачки труд, 2013, 16

[15] ибид.

- Интересот кај они кои сакаат да пријават радикализација како кај семејството така и пријателите ќе биде намален, а најблискиот круг обесхрабрени да го направат тоа.
- Криминалзиацијата е во спротивност на позицијата на Белгија и онаа на ЕУ според која Асад не е легитимниот претставник на сирискиот народ. [16]

Од примерите погоре може да зе забележи еден вид на градација на одговорот на властите во некои од земјите членки на ЕУ. Од доста строги како оние во Обединетото Кралство до пофлексибилно разбирање на оваа закана и одлагање на криминализација на ова дело во Белгија.

## Како понатаму?

Земјите од Западен Балкан имаат искуство со разоружување, демобилизација и реинтеграција (ДДР) на поранешни борци кое е резултат од сопствените воени конфликти. Меѓутоа вакви мерки не постојат во ниту една од земјите од регионот кога станува збор за повратниците. Ова не е за изненадување доколку се знае дека дел од македонските пратеници на пример не ја препознаваат потребата за реинтеграција и рехабилитација на оние кои се враќаат дома. Трендот за правно санкционирање не ги адресира сите предизвици со странските борци.

> *… [Н]е може да се очекува лицата кои биле дел од ваквите злосторства, кога ќе се вратат во Република Македонија да бидат соодветни за ова општество* – Роза Топузовска Каревска (поранешен член на Либерално демократката партија, сега независен пратеник)[17]
>
> *… Н[]а сторителите на злосторствата да не им се дозволи враќање во Република Македонија бидејќи кај истите не постои можност за ресоцијализација.* Силвана Бонева (ВМРО-ДПМНЕ)[18]

Поактивен ангажман на локалните заедници паралелно со криминализација на учество и регрутација за војување во странски борби може дополнително да го намали ризикот. Вклучувањето на заедниците може да биде преку директна комуникација помеѓу државните институции и локалните заедници или пак преку граѓанското општество. Пример за директна комуникација помеѓу државните органи и заедницата може на пример да се види во соработката со германската БфВ. Оваа контраразузнавачка служба има посебни програми за исключување (дроп аут) од десен екстремизам, лев екстремизам како и исламски фанатизам. Програмата за исламски фанатизам започна со цел помагање на претежно млади лица во напуштањето на овој вид на екстремизам. Некои од можностите кои ги нуди програмата се:

---

[16] ибид. 13
[17]"Извештај од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците " Собрание на Република Македонија. Септември 02, 2014.
[18] ибид.

- Советување
- Правна помош
- Поддршка за понатамошно школување
- Материјална помош кога за тоа има неопходна потреба [19]

Како пример за соработка помеѓу заедницата и граѓанското општество може да се земе работата на германската невладина организација EXIT која работи на прашања поврзани со десен екстремизам. Една од активностите кои оваа организација ја имаше имплементирано беше насочена кон зголемување на јавната свест за десниот екстремизам преку најразлични активности како на пример т.н. маица Тројански коњ која на почеток изгледа атрактивно за следбениците на десниот екстремизам. Маицата содржи лого и натпис “hardcore rebels” (превод: ултра бунтовници) со нацртан череп. Штом маиците се стават во машина за перење алишта претходната порака се брише и се добива нова со содржина "What your T-shirt can do, so can you – we’ll help you break with right-wing extremism” (превод: Ако оваа маица можеше, можеш и ти – ние ќе ти помогнеме да се оттргнеш од десниот екстремизам).[20]

Една од најуспешните германски проекти за оттргнување на младите од исламскиот радикализам е проект наречен ХАЈАТ кој вклучува неколку граѓански организации кои работат на оваа тема. Проектот се фокусира кон давање на емоционална поддршка на оние кои имаат највеќе потреба. Една од одликите на овој проект е дека како поддржувачи и учесници во проектот се јавуваат религиозни лидери кои дејствуваат како ментори и се во постојан контакт со тие што се подлежни кон радикализација.[21]Во февруари 2013, организацијата работела со 30 случаи и многу од нив се повратници. [22]

Во Обединетото Кралство локалните заедници исто така се вклучуваат во прашања поврзани со странските борци. Пред неколку недели низ Лондон, Манчестер и Бирмингем во соработка со контраразузнавачките служби и претставници на женските муслимански организации беа одржани настани со цел подобро запознавање за негативните аспекти од учеството на британски државјани во војната во Сирија.

---

[19] "Get out of Terrorism and Islamist Fanaticism - HATIF! [Напуштете го тероризмот и исламскиот фанатизам - ХАТИФ!]" Bundesamt Für Verfassungsschutz. Пристапено јуни 7, 2014. http://www.verfassungsschutz.de/en/fields-of-work/islamism-and-islamist-terrorism/dropout-programme-islamism/hatif-en.html.

[20] "EXIT-Germany, We Provide the Way Out-de-radicalisation and Disengagement. [Егзит – Германија, Ние нудиме начин за напуштање и дерадикализација]" 2014, 16.

[21] Рансторп, Магнус и Питер Хајлегрен. "Prevention of Violent Extremism in Third Countries. [Пренција од насилен екстремизам во трети земји]" Центар за проучување на асиментрични закани, 2013, 16.

[22] ибид.

## Заклучок

Во голем дел од земјите во Западна Европа, полицијата и граѓанските организации имаат развиено партнерски однос со локалните заедници од каде доброволците најчесто доаѓаат. Ова може да биде од голема корист за идентификување на потенцијалните лица кои планираат да заминат во места како Сирија и Ирак како и оние кои се вратиле. На ваков начин може да се направат поточни безбедносни проценки. Прашањата за доброволците важно е да не се разгледуваат само преку промени во легислативата како и други репресивни мерки, туку да се настапи сеопфатно вклучувајќи програми за превенција и реинтеграција. Меѓутоа било какви понатамошни чекори треба да бидат внимателно разгледани за да се осигури дека на тој начин прашањата не се политизираат помеѓу политичките елити.

Постојат бројни примери за превентивни активности и програми за реинтеграции во земјите од ЕУ но за жал ниту една во нашиот регион. Причина за ваквата ситуација може да се најде во традиционално затворениот безбедносен сектор, а посебно спрема граѓанското општество, немањето финансиски средства но исто така и слабиот капацитет на граѓанскиот сектор кога станува збор за ова прашање.

Потребни се програми кои уште повеќе би ја зголемиле вербата во полицијата. Тука Македонија може да се потпре на искуствата од моделот на вклучување на полицијата и заедницата (community policing) кој е со мултикултурен карактер. Меѓународните партнери може да помогнат во пренесување на искуства и првична финансиска поддршка за развој и имплементација на овие програми.

## Препораки:

1. Македонското министерство за внатрешни работи како и разузнавачките служби треба да бидат потранспарентни во споделувањето на некласифицирани информации со јавноста поврзани со напорите кои ги прават за одвраќање на оние кои планираат да заминат за Сирија. Исто така јавноста треба да биде запознаена со евентуалните закани кои доаѓаат од повратниците.
    a.

2. Шефовите на разузнавачките служби како и на министерствата за внатрешни работи од земјите од Западен Балкан треба да организираат заеднички состанок на кој ќе се дискутира за можноста за споделување разузнавачки информации на доброволци и повратници. Учесници од Турција, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство треба исто така да учествуваат на состанокот заради нивната улога во конфликтот во Сирија и Ирак.

3. Локалните општини од каде доброволците најчесто доаѓаат треба да ги искористат локалните совети за превенција и заедно со полицијата и други претставници како на пример граѓанско општество или пак религиозните групи да започнат дискусија и донесат насоки за дејствување околу регрутација, учество и рехабилитација на повратниците.

4. Министерството за труд и социјални работи заедно со Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и локалните општини треба да развијат програми за реинтеграција и рехабилитација на повратниците. Меѓународните донатори може да дадат поддршка преку првична финансиска помош и знаење.

5. Бидејќи во Македонија не постојат невладини организации коишто конкретно се занимаваат со странски борци, експертизата од невладиниот сектор може да дојде како на пример од такви организации кои се бават со стручно образование, претприемништво итн.

6. Политичките и религиозните лидери треба да бидат погласни во искажувањето на нивната загриженост и осуда заради учеството на македонските граѓани во воените дејствија во Сирија и Ирак.